# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 23 септември 2003 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 16,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлагам да продолжиме по Триесет и шестата седница, имаме уште неколку реплики и да ги гласаме заклучоците.

Ве молам на дисплејот да ја вратите Триесет и шестата седница со пријавените за реплика.

Продолжуваме по последната Петта точка од Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со претрес по Информацијата за безбедносната состојба во Република Македонија.

Сите се пријавни за реплика од пријавените на господинот Агрон Буџаку.

Господинот Џелили реплика на Буџаку.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Ќе започнам директно со реплика. Господине Буџаку, во немањето резултати на вашата партија за една година владеење вие се обидувате да се одбраните со банални обвиненија кон опозицијата. неколку пати ги спомнавте изборите и гласањето. Мислите дека мандатот е постоен? Не е. Вие сега го изгубивте кредибилитетот и со своето однесување навистина правите спротивно од она на војната на ОНА. Затоа кога дискутирате поставувате многу прашања, тоа значи дека воопшто не разбирате. Неколку пати не малтретирате зошто се однесуваме така, што бараме ние? Ние јасно кажавме дека нашите дискусии

сигнализираат дека Охридскиот договор не се почитува. Во немање на факти ја обвинувате ДПА. Само еден дискутант на ДУИ ги прифати грешките, а вие господине Буџаку сте многу задоволни, дали тоа значи дека не ги гледате работите. Ве молам координирајте ги вашите ставови и излезете пред јавноста со точни ставови, бидејќи навистина имаше право Фатмир Асани мојот колега за дуалистичките ставови што ги имате.

Вие г. Буџаку сте оној што дадовте зелено светло полициските сили со топ и со артилерија, со авијација да ги нападнат албанските села, а потоа велите не знаете ништо за тие напади. Господине Буџаку за време на војната велат дека бевте во Македонската амбасада во Брисел. По чија наредба вие влеговте во редовите на ДУИ. Некој од вашата партија вели дека сте биле втор на листата на ДПА, всушност јас бев втор на листата на ДПА, но вие бевте прв на листата господине, албанскиот народ ќе ве осуди, да знаете, сигурно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Буџаку реплика од една минута.

АГРОН БУЏАКУ:

Точно е господинот Џелили нека дојдат тие од Брисел кои говорат така дека бев во Брисел, јас бев на другата страна, јас организирав демонстрации, имате мој потпис на документите кои дошле во Европската комисија. Тоа е точно.

Второ, јас знам колку пати немате аргументи, паѓате со напади на вакво ниво на ваква политичка култура, нашите аргументи се тука. Ова му го кажавме на народот по 6 месеци од нашето владеење, тука се податоците, тука се нашите успеси, тука е нашата работа, тука се нашите резултати. Доколку вие не сте го следеле тоа, постоеше и прес конференција, еве ги конференциите господине Џелили, ова никогаш не го направила ниту една албанска партија, но поради ограничување на времето, тоа народот го знае, ќе биде запознаен во врска со сето ова на средбата со граѓаните во Армијата на Македонија од 3,3

стигнавме до 7,4% во однос на минатата година. Во внатрешни работи, во дирекцијата во Скопје, од 9,1 на 15,1, тоа се процентите, но ќе продолжиме на друга седница, на други разговори.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ограничувањето не е од моја стрна лично.

Господин Дика реплика на Буџаку.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам г. претседателе, почитувани колеги, жалам што сега само можеме да констатираме дека позицијата било албанска било СДСМ со една недозволива ароганција дефинитивно одбива секаква анализа која се обидува да ја даде опозицијата заборавајќи дека целта на опозицијата е токму со нејзините критики да ја држи Владата во рамките на тоа да ја подобри ситуацијата и состојбата на граѓаните, посебно да се реализира Рамковниот договор или да се унапреди позицијата на албанците во системот.

Жалам почитуван колега што ние не го гледаме рајот што го гледате вие и во кој среќни и задоволни жевеат албанците со Владата на Бранко Црвенковски. Жалам.

Ќе ви прочитам само едно оценување кое дојде овие денови кај мене. Ќе цитирам како што е. На  конференција против тероризмот ќе ви кажам што пишува за Македонија. Тоа е едно од стотиците оценувања  цитирам: Већа нестабилност у регији то је држава за коју још није понуђено одговарајуће решење. Питање Македоније је у тесној вези са решавањем албанског етничког питања. Међународна заједница је зауставила рат у Македонији, али није понудила решења која би смањила фрустрације албанској националној заједници која је дуго времена била мајоризирана у македонској држави ... и така со ред.

Оценувањата на ДПА и на г. Арбен Џафери, ние немаме претставник во Љубљана, меѓутоа, сериозно прифатетеги овие забелешки затоа што не излегуваат од нашиот ум, од нашата желба или нашата волја. Само со ваков

пристап, со заедничка работа ќе можеме да ги постигнеме тие објективи што значат реално авансирање на албанците во еднаква држава. Верувајте, изборите поминаа и овој народ како што знае да гласа за ангажирањата, знае да гласа и да казнува ако не се почитува и респектира истиот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Буџаку реплика.

АГРОН БУЏАКУ:

Ние сме подготвени да се соочиме и да продолжиме со ова. Ова го презентиравме во јавноста само сакам да ве потсетам една од причините од кои денешната опозиција ги загуби изборите само со поставувањето на неколку министри и заменици министри и неколку директори кои работеа како работеа, не е мое да вреднувам. Наша политика е со интегрирањето во државните структури, тоа што сме го презентирале како еден материјал од 500 страници тоа го имаме тука и можете да го добиете, ние можеме да оствариме една политика не само со поставување на министри, заменици министри, директори и вработување со привремен договор, мислам дека тоа е процес кој треба да биде долгорочен и ние ќе излеземе отворено пред нашите гласачи кога ќе дојде време и само на нив им даваме отчет за нашата работа.

Што се однесува до личните навреди ..... (следи опомена од претседателот дека пречекорил реплика од една минута).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Ѓорчев реплика на господинот Буџаку.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Јас ќе изнесам неколку фактографски податоци. Рамковниот договор беше потпишан од 4 партии ВМРО-ДПМНЕ и ДПА како позиција и СДСМ и ПДП како опозиција. Потоа беше преточен во уставни амандмани и изгласан

како дел од Уставот на Република Македонија од истите партии во Македонскиот парламент и подоцна се донесоа 16 закони во овој ист Македонски парламент. Тоа го кажувам заради дигнитетот на Македонскиот парламент. Круна на Рамковниот договор што беше потпишан како политичка разрешница на кризата беа изборите на 15 септември каде во едни нај фер, нај демократски избори во целата меѓународна заедница вие дојдовте на власт и понатаму прдолжете така како што работевме ние.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Инаку, да кажам една среќна вест. Со денешните два закони го затворивме пакетот со Рамковниот договор освен пакетот на децентрализација кој ќе следи сукцесивно.

II/1.-НД/ЛЈ

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госдподинот Чашуле има реплика на г-динот Буџаку.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

На почеток на репликата би сакал да потсетам за што станува збор. За политичко безбедносната ситуација во државата, па реплицирајќи му на ценетиот колега, кого го почитувам, бидејќи е избран од граѓаните на Република Македонија од етничко албанско потекло, би му сугерирал едно конкретно решение.

Точно е г-дине Буџаку дека е необично да се тера некој да го потпише Уставот на државата за да и биде лојален. Но, во Македонија могу работи се необични. Необично беше и 2001 година да се пука на тој Устав, но ние како политичко движење и коалиција на власт во тоа време ја имавме силата на аргументот на пушката да го спротивставиме аргументот на преговорите, да направиме Рамковен договор и да живееме како дел на Уставот кон него. Значи,

не држи вашата оценка г-дине дека ние се откажуваме од тој наш метод да ја спречиме граѓанската војна во Македонија, туку напротив и со сите гласања, вклучително и денешните покажавме на дело дека го поддржуваме Рамковниот договор и таквите обвинување не ви држат.

Потоа, би сакал да негирам уште една работа која ја истакнавте а тоа е дека со ваква опозиција не се може во Европа. Не г-дине Буџаку со аргументот на пушката, кои и натаму пукаат во рацете на некој си Бреза Чакала итн., не се оди во Европа, ниту во НАТО, туку се останува заточеник на Балканот и се останува заточеник на насилството.

Ние како политичка партија и политичка власт ја поддржавме спогодбата за стабилизација и асоцијација и една низа документи, кои Македонија таква каква што е ја доближија до вратата на Европа, а конфликтот 2001 година не врати назад на почетокот.

Точно е г-дине Буџаку дека не треба да го потпишите договорот кој е дел од нашиот Устав, дел од сувереноста на оваа наша држава.

Затоа Ви предлагам од овде да излеземе со резолуција, обврзувачка резолуција во која ако прва точка ќе стои дека насилството за секогаш ќе го проскибираме од македонската политика. Ќе го протераме од македонската политика, а како прв заклучок што ова Собрание треба да го донесе и на чело со ДУИ, чија што програма г-дине Буџаку ја прочитав и требаше таа да ни ја понудите, а не Танушевци, Вејце и другите аргументи кои не доведоа до ова да и ден денеска бидеме фатени во стапицата на насилството.

Значи, на чело со ДУИ за интеграција. На чело со оваа Влада која го доби мандатот за да воведе мир во државата, не баре ние бевме неспособни да ги разоружате бреза и Чакала, па да се вратиме овде и да почнеме заедно да работиме Македонија да стане членка на НАТО 2006 година, членка на Унијата 2010 година. Така г-дине Буџаку ДУИ ќе го стави својот потпис на Уставот на РМ, и ќе ја докаже својата лојалност кон Европа, кон граѓаните, а над се кон албанците за кои господине Исмет Рамадани, чија што дискусија апсолутно ја поддржувам, рече дека се заморени од војната.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-динот Буџаку бара реплика.

АГРОН БУЏАКУ:

Нема ништо спротивставено во она што го кажа г-дин Чашуле. Нашата партија е таа која го има како приоритет Охридскиот договор а многу јасно е дека со самото поставување како приоритет Охридскиот договор ние се согласуваме и со начелата што произлегуваат од тој договор дека нема решавање всушност дека треба да се бориме против серкакво политичко насилство и сл.

Значи, тука сме јасни. Колку беа можностите колку ни беа овозможени можностите што ни ги дадоа претходните политичари, говорам и за албанските до 2001 година  за да се реализира демократизација и унапредување на позицијата на албанците не треба да се заборави дека многу револуции се направиле. И Француската револуција, која што е пример за демократија, за постигнување во целата светска политичка демократија треба да се каже многу јасно дека сите тие приоритети ги имаме и ние.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-динот Матоши бара реплика на г-динот Буџаку.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас сакам да реплицирам во два сегменти.

Во првиот кој што е многу значаен. Една вистина постои, морална која треба да ја знае јавноста. Сакам да даде конкретен одговор г-динот Буџаку дали знаеше за нападот во Брест тој самиот и неговата партија. Албанската јавност сака да знае ДУИ дали знаеше, дали беше запознат за нападот во Брест.

Второ, што се однесува до бројот на вработени албанци од оваа коалиција, СДСМ, ДУИ функционираше една скриена операција која што мислам дека извади од работа над петстотини албанци со договор на дело, во едно време кога говориме за зголемување на бројот на албанците во институциите на

системот. Значи, процентот на албанците треба да се зголеми во јавната администрација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-дин Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Бидејќи ми се постави едно прашање директно и одговорот ќе биде директен.

За ова имаше едно соопштение кое произлезе од состанокот на централното претседателство кое беше свикано ургентно со присуство на претставници на меѓународнот фактор во државата,во случајот на Брест. Значи, немаше координација, ние бараме одговор, во случајот на Брест немаше жртви кај населението. Не беа убиедни од страна на министерот тој што беше во коалицијата, кој што во тоа време беа убиени десетици луѓе г-дине Матоши.

Што се однесува до вработувањето јас сакам да нагласам дека ова што го презентирав овде, во состојба сум уште еднаш да излезам во јавна дебата со било кој од вашата партија за да го аргументираме дека интегрирањето и вработувањето е за сите и се прави на сите нивоа каде што ќе бидат пртставени не само албанците, туку и претставници на другите заедници. Со една долгорочна основа сакаме да ја промениме оваа хаотична ситуација која ја наследивме и верувајте дека преку ноќ сето тоа не може да се постигне.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор и мислам дека е време после пет дена да ја заклучиме расправата.

Го заклучувам претресот по информацијата.

Група од 28 пратеници поднесоа предлог на заклучоци кој Ви е поделен.

Предлогот на заклучоците го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Гласале 69 пратеници, за гласале 9 пратеници, 60 против.

Г-динот Коце Трајановски бара збор процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе претходно сакам да ги образложам заклучоците, ако можеше да ги прочитаме, но вие многу брзо ги дадовте на гласање.

(Реакција на пратениците во салата).

Второ, сметам дека требаше да ги повикате луѓето што се во ходникот и јас лично не гласав, па да го повториме гласањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во ред.

Не биле сите влесени во салата.

Предлогот на заклучоците го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника.

За гласале 14 пратеници.

Констатирам дека Собранието не ги усвои предложените заклучолци.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Триесет и шестата седница на Собранието.

Благодрам за присуството.

(Седницата заврши во 16,25 часот).